Општина Кочани
Ул. Раде Кратовче бр. 1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

Врз основа на член 113 став 1 од Законот за животна средина ( Сл. весник на РМ 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/2015,146/15,192/15,39/16 и 99/18), Градоначалникот на општина Кочани **ОБЈАВУВА**

**Б-ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА**

Градоначалникот на Општина Кочани донесе Решение за издавање на Б – интегрирана еколошка дозвола за:

**ДГПТУ „КАЛИНА ДООЕЛ“ - ОРИЗАРИ**, Подружница 1 Оризари – Кочани.

**Адреса на инсталацијата:** Адреса:ул. „29 ноември” бр.48 Оризари, 2300 Кочани

Б-интегрираната еколошка дозвола ќе биде достапна и во просториите на Општина Кочани, **Секторот за урбанизам, заштита на животната средина и комунални работи**, секој работен ден од 7:30 до 15:30 часот како и на Веб страната на Општина Кочани.

Жалби против Решението може да се поднесат до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавување.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Уп 1 број : 22-184
18.03.2024год.
Кочани

Врз основа на член 122, член 123 став 1 и член 127 став 2 од Законот за животната средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 146/15, 192/15 и 39/16), Градоначалникот на Општина Кочани, постапувајќи по Барањето на „**КАЛИНА" ДООЕЛ Оризари** Подружница 1 Оризари - Кочани адреса: ул. „29 ноември" бр.48 - Оризари 2300 Кочани за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола, поднесено под број УП1 бр. 22 - 184 од 02.10.2023 год. донесува:

**РЕШЕНИЕ**
***за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола***

**1. СЕ УСВОЈУВА** барањето на „**КАЛИНА" ДООЕЛ Оризари** Подружница 1 Оризари – Кочани адреса: ул. „29 ноември" бр.48 – Оризари 2300 Кочани, за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола, поднесено под број УП1 бр. 22 - 184 од 02.10.2023 година.

**2. СЕ ИЗДАВА** Б-интегрирана еколошка дозвола на „**КАЛИНА" ДООЕЛ Оризари** Подружница 1 Оризари – Кочани адреса: ул. „29 ноември" бр.48 - Оризари 2300 Кочани за инсталација со примарна дејност – производство на готова бетонска маса за градежни цели и механичарски работи.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот, оператор на инсталацијата, „**КАЛИНА" ДООЕЛ Оризари** Подружница 1 Оризари – Кочани адреса: ул. „29 ноември" бр.48 - Оризари 2300 Кочани, до Градоначалникот на Општина Кочани поднесе Барање под број УП1 бр. 22-184 од 02.10.2023 год. за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола, за инсталација со примарна дејност - производство на готова бетонска маса за градежни цели и механичарски работи.

Во предметното Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола се содржани податоци и опис на инсталацијата и нејзините технички активности, податоци за суровините, отпадот, емисиите, мониторингот, табеларни прикази и прилози, врз основа на што се димензионирани мерките за заштита на основните медиуми на животната средина и усогласени се активностите со пропишаните стандарди за квалитет на животната средина.

По доставеното комплетно Барање, извршен е увид на инсталацијата од страна на овластениот инспектор за животна средина, заради утврдување на усогласеноста на проектната документација со фактичката состојба.

Бидејќи операторот ги исполнува условите за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола, Градоначалникот на Општина Кочани одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

| | |
|---|---|
| **УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** | Против ова Решение барателот може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, преку овој орган до Министерот за животна средина и просторно планирање.<br>Жалбата се таксира со уплата на 250,00 денари на трезорска сметка на НБРМ бр. 100000000063095,<br>упл.с/ка 840-136-03182,<br>цел на дознака Административни Такси, прих. шифра 722 315 00 |

***Доставено до:***

- Операторот на инсталацијата
- Архива
- Овластен инспектор за животна средина
- Министерство за животна средина и просторно планирање

Кочани, 18.03.2024 година
(населено место) (ден и месец)

**Изработил,**
**Љ/С**

**ОПШТИНА КОЧАНИ**
по овластување на Градоначалникот
Бр. 08-8/4 од 03.05.2023 год.
Раководител на сектор за урбанизам,
заштита на животната средина и
комунални работи

**Дивна Цековска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ

# Б - Интегрирана еколошка дозвола

**„КАЛИНА“ ДООЕЛ Оризари**
Подружница 1 Оризари - Кочани
Адреса:ул. „29 ноември” бр.48
Оризари, 2300 Кочани

## Стационарна бетонска база Кочани

Број на дозвола

**22-184**



**Општина Кочани**
ул. „Раде Кратовче“ бр.1
2300 Кочани

**„КАЛИНА“ ДООЕЛ Оризари**
Подружница 1 Оризари - Кочани

## Содржина

**Б-Интегрирана еколошка дозвола**........................................................ 1

**Содржина** ........................................................................................ 2

**Вовед**..............................................................................................3

**Дозвола**.................................... ............................................................11

1. **Инсталација за која се издава дозволата** .................................... 12

2. **Работа на инсталацијата**.................................................................. 18
2.1 **Техники на управување и контрола**............................................... 18
2.2 **Суровини (вклучувајќи и вода)**....................................................... 19
2.3 **Ракување и складирање на отпадот** ............................................... 20
2.4 **Преработка и одлагање на отпад** ...................................................23
2.5 **Спречување и контрола на хаварии** ...............................................24
2.6 **Мониторинг** .......................................................................................26
2.7 **Престанок со работа**..........................................................................27
2.8 **Инсталации со повеќе оператори** ...................................................28

3. **Документација** .................................................................................. 29

4. **Редовни извештаи** ........................................................................... 31

5. **Известувања**....................................................................................... 32

6. **Емисии**................................................................................................ 33
6.1 **Емисии во воздух** ..............................................................................33
6.2 **Емисии во почва** .................................................................................35
6.3 **Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)** ..........35
6.4 **Емисии во канализација** ..................................................................36
6.5 **Емисии на топлина** ............................................................................37
6.6 **Емисии на бучава и вибрации** .........................................................38

7. **Пренос до пречистителна станица за отпадни води**.................. 40

8. **Програма за подобрување** ............................................................. 41

9. **Договор за промени во пишана форма**........................................ 42

**Додаток 1** ........................................................................................... 43

**Додаток 2**............................................................................................ 44



**Општина Кочани**
ул. „Раде Кратовче“ бр.1
2300 Кочани

**„КАЛИНА“ ДООЕЛ Оризари**
Подружница 1 Оризари - Кочани

## Вовед

Овие воведни белешки не се дел од Дозволата.

Следната Дозвола е издадена согласно Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/2010, 51/11, 123/12,93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.89/22 и 171/22) за работа на инсталацијата што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план (”Службен весник на Република Македонија” бр.89/05), до одобреното ниво во Дозволата.

## Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола

Фирмата **ДГПТУ „КАЛИНА ДООЕЛ“ - ОРИЗАРИ** е формирана на 25.12.1999 година. Главна дејност на фирмата е **вадење на чакал и песок, глина и каолин**. Фирмата ДГПТУ “КАЛИНА ДООЕЛ“-ОРИЗАРИ има регистрирано своја подружница 1 Оризари-Кочани, на која се води инсталацијата Бетонска база„Оризари“.

Постројката Бетонска база „Оризари“, изградена е 1980 година од страна на ГД ГРАНИТ АД – Скопје, според југословенска технологија на Фаграм Смедерево. Предадена е во употреба на ГД ГРАНИТ АД - Скопје во 1980 година со инсталиран капацитет од 20 m³/h, или 40 тони/час, притоа во 2012 година е предадена на употреба на Гаматроникс ДООЕЛ Скопје. Во 1992 година се извршени одредени поправки и додавања на постројката заради подобрување на работата. Капацитет на силоси со цемент вкупно е 40 m³. Од 2022 година, Бетонска база „Оризари“, е во сопственост на ДГПТУ “КАЛИНА ДООЕЛ“-ОРИЗАРИ, ул. “Царка Ѓеоргиева“ бр. 6, Оризари, Кочани.




- <u>Локација на Стационарната Бетонска база:</u>

Бетонска база „Оризари„ е постројка за производство на бетон за градежништво и е сместена на вкрстувањето на сообраќајниците Оризари-Виница и Кочани-Виница. Инсталацијата се наоѓа на 1,5 km оддалеченост од селото Оризари - Кочани, јужно од регионалниот пат Оризари - Виница. Градена е по

стандарди од аспект за квалитет на производ и најмало можно влијание на околината. Инсталацијата Бетонска база „Оризари“ претставува засебна урбанистичка и организациона целина, во однос на поставеноста на објектите и затворениот технолошки процес за производство на бетон. Во однос на околните објекти, локацијата на Бетонска база „Оризари“ го има следново опкружување:
- од север граничи со регионален пат Оризари – Виница;
- од исток со обработливо земјиште и индивидуален објект гараж;а
- од југ со обработливо земјиште и патот Кочани – Виница;
- од запад со обработливо земјиште.

Од селото Оризари Бетонската база „Оризари“ е оддалечена 1,5 км. Предметниот простор на инсталацијата физички е потполно ограден со ограда од север, исток, југ и запад. Со вака поставеност спречен е пристапот на неовластени лица во инсталацијата на Бетонска база „Оризари“.



**„КАЛИНА“ ДООЕЛ Оризари**
Подружница 1 Оризари - Кочани





- Капацитет на постројката:

Во Комплексот, заради извршување на активностите, на локацијата егзистираат следните функционални целини;

1. Стационарна бетонска база производство на готова бетонска маса:

Бетонска база „Оризари“ се состои од :

- Шасија (на која се монтирани уредите кои се дел од функција на бетонската база).
- Вертикална (принудна) мешалка.
- Корпа за дозирање на агрегат

Уред за дозирање на цемент (полжести транспортери два, спрема силоси за цемент)

- Уред за дозирање на вода (водомер)
- Уред за привлекување на агрегат (скрепер)
- Силоси за цемент (два)
- Вага за цемент
- Вага за агрегат
- Разделна ѕвезда
- Пумпа за вода
- Резервоар за вода (24 m3)
- Компресор

**Технолошки процеси на инсталацијата**

Во фазата на вршење на дејностите и активностите, на инсталацијата, се одвиваат посебни технолошки процеси:

Постројката Бетонска база „Оризари“ се снабдува со дробен агрегат од рудник Град од Делчево, со цемент од цементара Титан Скопје, со вода од градски водовод од Кочани, а со додатоци-адитиви од Адинг Скопје. Од отворен магацински простор разделен во вид на пресечена т. н. разделна ѕвезда, се врши дотур на дробен агрегат со скрепер и скреперска корпа до отвори за дозирање. Агрегатот е поделен спрема барани фракции 0-4, 4-8, 8-16 и 16-31,5 mm, помеѓу четири бетонирани преградни ѕидови со замислена линија во маса која се добива со природно рушење на фракцијата. На долниот дел на отворите од разделната ѕвезда сместени се пневматски вентили кои ја регулираат тежината (количината) на вага од секоја фракција која се испушта во количка според зададена рецептура. Вагата е повеќестепена и дава команда на пневматските вентили да затворат односно отворат штом ќе се измерат зададените количини. Едно полнење на корпата со дробен агрегат е околу 1.000 kg (0,5 $m^3$). Количката се движи по шини до мешалката каде се испушта измерениот агрегат. Во исто време се врши транспорт на цемент со полжест транспортер до вагата за цемент. После добиена команда од вагата за постигната тежина, се затвора вентилот за дотур, а се отвара вентилот за испуштање на цементот во мешалката. На водомерот автоматски се отвора вентил за проток на вода, а после достигната мерка за количина на вода се затвора вентилот. Адитивите се додаваат рачно со мерен сад додека тече некој од претходните чекори на дозирање. Мешалката се вклучува автоматски и мешачот меша неполна минута, после кое се испушта подготвениот бетон. Миксерот-камион е претходно паркиран под испустот од мешалката за готов бетон. После повеќе циклуси на мешалката за спремање на бетон се додаваат неколку литри вода на крајот од полнењето на миксерот за да се одржи влажноста во миксерот. Миксерот врти цело време за да не дојде до зацврстување на масата при транспорт до потребната дестинација каде ќе се вгради бетонот.

**„КАЛИНА“ ДООЕЛ Оризари**
Подружница 1 Оризари - Кочани









**Општина Кочани**
ул. „Раде Кратовче“ бр.1
2300 Кочани

**„КАЛИНА“ ДООЕЛ Оризари**
Подружница 1 Оризари - Кочани

| Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација | | |
|---|---|---|
| Сопственик на дозволата | Број на дозвола | Дата на издавање |
| Нема | | |

| Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација | | |
|---|---|---|
| Сопственик на дозволата | Број на дозвола | Дата на издавање |
| Нема | | |

**Комуникација**

Доколку сакате да комуницирате со Градоначалникот на Општина Кочани (во понатамошниот текст: Надлежен орган) во врска со оваа Дозвола, Ве молиме наведете го бројот на Дозволата. За било каква комуникација, контактирајте го Надлежниот орган на адреса:

*ул. „Раде Кратовче“ бр.1, 2300 Кочани, Република Северна Македонија.*

**Доверливост**

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган. Надлежниот орган ќе ги стави податоците во општинските регистри, согласно одредбите на Законот за животната средина. Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот согласно Законот за животната средина. За да му овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животната средина, член 55 став (2) точка 4. Операторот ќе ја наведе и причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка дозвола во посебен плик.

## Промени во Дозволата

Оваа Дозвола може да се менува во согласност со Законот за животната средина и постапката за измена на Б-интегрираната еколошка Дозвола по барање на носителот на Дозволата или по службена должност, утврдена во член 11 од Правилникот за постапката за добивање Б-интегрирана еколошка Дозвола (“Службен весник на РМ” бр. 04/06).

Органот надлежен за издавање на Б-интегрирана еколошка Дозвола на секои 7 (седум) години ќе ги проверува условите утвредени во Дозволата и доколку е потребно истите ќе ги промени.

### Пренос на Дозволата

Пред да биде извршен целосен или делумен пренос на Дозволата на друго лице, треба да се изготви заедничко барање за пренос на Дозволата од страна на постоечкиот и предложениот сопственик, во согласност со член 118 и член 134, став 2 од Законот за животната средина и во согласност со Правилникот за постапката за добивање Б-интегрирана еколошка Дозвола (“Службен весник на РМ” бр. 04/06).

**Преглед на барани и доставени документи:**

| Преглед на барани и доставени документи **Предмет** | **Датум** | **Коментар** |
|---|---|---|
| Барање бр. | Добиено | |
| 22-184 | *18.04.2023* | На барањето следеа измени со цел дополнување на документацијата |
| Записник за извршен инспекциски надзор бр.22-184/1 | *03.05.2023 година* | |
| Известување по барање бр.22-184 | *22.05.2023 година* | Со известувањето се бараше дополнување на Барањето од Операторот. |
| Дополнување на барање по известување бр. 22-184 | *02.10.2023 година* | |
| Нацрт Б-интегрирана еколошка дозвола бр. 22-184 | *07.11.2023 година* | Изготвена |

**„КАЛИНА“ ДООЕЛ Оризари**
Подружница 1 Оризари - Кочани

**Нацрт Б - интегрирана еколошка дозвола**
Дозвола бр. 22-184

Општина Кочани во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животната средина (“Службен весник на Република Македонија” бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/2010, 51/11, 123/12,93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.89/22 и 171/22), го овластува:

**КАЛИНА ДООЕЛ Оризари**
-Подружница 1 Оризари-Кочани

Со регистрирано седиште на
Адреса: **ул. „Царка Ѓеоргиева“ бр. 6, Оризари, Кочани**
Општина: **Кочани**
Поштенски број, Град: **2300 Кочани**
Држава: **Република Северна Македонија**

Број на регистрација на компанијата: **5387981**
да раководи со Инсталацијата во рамките на Дозволата и условите во неа
Целосен назив на инсталацијата:
**Друштво за производство, трговија и услуги „ КАЛИНА “ ДООЕЛ Кочани**
Адреса: **ул. „Царка Ѓеоргиева“ бр. 6, Оризари, Кочани**
Општина: **Кочани**
Поштенски број, Град: **2300 Кочани**
Држава: **Република Северна Македонија**

ОПШТИНА КОЧАНИ
по овластување на Градоначалникот
Бр. 08-8/4 од 03.05.2023 год.
Раководител на сектор за урбанизам,
заштита на животната средина и
комунални работи

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА КОЧАНИ

**Дивна Цековска**

Датум

12.03.2024



**Општина Кочани**
ул. „Раде Кратовче“ бр.1
2300 Кочани

**„КАЛИНА“ ДООЕЛ Оризари**
Подружница 1 Оризари - Кочани

## 1. Услови

### 1.1 Инсталација за која се издава Дозволата

1.1.1 Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1.1

| **Табела 1.1.1** | | |
|---|---|---|
| Активност од Анекс 2 од У Р Е Д Б А за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план | Опис на наведената активност | Граници на наведената активност |
| Прилог 2, Точка 3. Индустрија на минерали Потточка 3.3. Стационирани бетонски бази со вкупен капацитет на силоси за бетон поголем од 50 $m^3$ | Производство на готов бетон 60 $m^3/h$ | Активностите на инсталацијата ќе се одвиваат само во границите како што се прикажани во планот 1.1.2 и нема да го надмине проектираниот капацитет |

1.1.2 Активностите во условите 1.1.1 ќе се одвиваат само во границите на локацијата на инсталацијата, прикажана на Табела 1.1.2

| **Табела 1.1.2** | |
|---|---|
| **Документ** | **Место во документацијата** |
| Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола бр.22-408 од 19.09.2022 година<br>Дополнување на барање за Б-интегрирана еколошка дозвола бр. 22-408 од 07.11.2022 година | (1) N:41°54'44" E:22°26'27.00"<br>(2) N:41°54'42" E:22°26'27.01"<br>(3) N:41°54'42" E:22°26'58"<br>(4) N:41°54'40" E:22°26'57"<br>(5) N:41°54'40" E:22°27'00" |

**„КАЛИНА“ ДООЕЛ Оризари**
Подружница 1 Оризари - Кочани




*Мапа на граници на локација на Инсталацијата*

1.1.3 По добивањето на Б-интегрираната еколошка дозвола, Операторот е должен редовно да врши плаќање на годишниот надоместок за поседување на Б-интегрирана еколошка дозвола и на годишниот надоместок за извршен редовен надзор, за период во кој ја поседува и по добивање на Налогот за плаќање од Надлежниот орган.

1.1.4 Оваа Дозвола е само за потребите на интегрирано спречување и контрола на загадувањето согласно Законот за животната средина (“Службен весник на Република Македонија” бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.89/22 и 171/22) и ништо од оваа Дозвола не го ослободува Операторот од обврските за исполнување на барањата и условите од другите закони и подзаконски акти.

1.1.5 Инсталацијата ќе работи, ќе се контролира, ќе се одржува и емисиите ќе бидат такви како што е наведено во оваа Дозвола.

Сите програми кои треба да се извршат стануваат дел од оваа Дозвола.

1.1.6 Инсталацијата не смее да работи над капацитетот наведен во барањето без согласност и писмено одобрение на Надлежниот орган.

1.1.7 Во случај да постои ризик од хаварија и во случај на хаварија, Операторот најитно ќе изврши испитувања на почвата, подземните води и водите за проверка на евентуално загадување.

**„КАЛИНА“ ДООЕЛ Оризари**
Подружница 1 Оризари - Кочани


*Автомеханичарска работилница*


*Авто парк*


*Објект за времено чување на посебни видови отпад*

**„КАЛИНА“ ДООЕЛ Оризари**
Подружница 1 Оризари - Кочани



*Шахта (Септичка јама)*



*Трикоморен таложник за отпадни води од процесот*

1.1.8 Операторот на видно место ќе постави план на кој што ќе бидат прикажани:

- начинот и операциите за складирање на отпадот
- видот на отпадот со негово место на складирање
- постапка за работа
- постапки за итни случаеви
- мерки за издвојување на отпадот
- план за заштита од пожари
- простор за складирање на пакување за отпад, односно празни пластични буриња
- предвиден максимален капацитет за секое место од локацијата и
- знаци за опасност на секое место на локацијата и соодветните карактеристики на складираниот отпад

1.1.9 **Б-интегрираната еколошка дозвола има важност од 7 години**. Најдоцна една година пред истекот на важноста, Операторот е должен да поднесе барање за обновување на Дозволата.

1.1.10 Б-интегрираната еколошка дозвола може да се измени по барање на Операторот или по службена должност, при што, доколку има потреба, условите дефинирани во истата ќе се изменат.

1.1.11 Целосен или делумен пренос на Дозволата на друг оператор може да се изврши согласно член 118 од Законот за животната средина.

**2.Работа на инсталацијата**

Техники на управување и контрола

2.1.1 Инсталацијата за која се издава Дозволата согласно условите во оваа Дозвола ќе биде управувана и контролирана онака како што е опишано во Барањето за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

2.1.2 Инсталацијата за која се издава Дозволата ќе ја контролира обучен персонал кој ќе биде целосно запознаен со условите во Дозволата.

2.1.3 Назначено лице за прашањата и потребите од областа на животната средина е **Димитрија Јорданов, управител.**

За обврските околу постапувањето/управувањето со отпадот кој се продуцира при обавување на дејноста во инсталацијата за која се издава Б-интегрираната еколошка дозвола, дотичниот правен субјект ќе ангажира **управител за отпад** кој поседува соодветна лиценца за управител со отпад.Надлежниот орган ќе биде известен во писмена форма за секоја промена.

2.1.4 Копија од оваа Дозвола, како и оние делови од барањето кои се земени предвид на оваа Дозвола ќе бидат достапни во секое време за секој вработен кој ја извршува работата за која се однесуваат некои од барањата во Дозволата.

2.1.5 Целиот персонал ќе биде целосно запознаен со оние аспекти од условите на Дозволата, кои се релевантни на нивните должности и ќе бидат поткрепени со соодветна обука и писмени оперативни инструкции за да се овозможи да ги извршуваат своите должности.

2.1.6 Операторот ќе достави копија од оваа Дозвола до секој вработен чии должности се поврзани со некои услови на оваа Дозвола.

2.1.7 Операторот ќе воспостави и ќе одржува процедури за идентификување на потребите од обука и за обезбедување на соодветна обука за целиот персонал чија работа може да има значително влијание врз животната средина. Операторот е должен да чува записи од одржаните обуки.

2.1.8 Операторот ќе воспостави програма за подигање на јавната свест и обука на вработениот персонал за да се обезбеди дека јавноста може да добие информации во врска со состојбата на

животната средина од Операторот во секое време.

2.1.9 Операторот ќе воспостави и одржува програма за одржување на целата инсталација и соодветната придружна опрема која ќе има ефект врз состојбата на животната средина, врз основа на инструкциите кои се издадени од страна на производителите/добавувачите или инсталаторите на опремата. Операторот јасно ќе ја лоцира одговорноста за планирање, управување и извршување на сите аспекти од оваа програма на соодветните вработени лица.

## 2.2 Суровини ( вклучувајќи и вода )

2.2.1.Операторот, согласно условите од Дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи и водата) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1

**Табела 2.2.1 : Суровини (вклучувајќи и вода)**

| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
|---|---|---|
| Цемент | Во барањето на оваа дозвола<br>Поглавје 4<br>Дополнување на барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-184 од 18.04.2023**<br>**02.10.2023** |
| Агрегат:<br>речна песок | Во барањето на оваа дозвола<br>Поглавје 4<br>Дополнување на барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-184 од 18.04.2023**<br>**02.10.2023** |
| Агрегат:<br>дробен песок<br>варовник | Во барањето на оваа дозвола<br>Поглавје 4<br>Дополнување на барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-184 од 18.04.2023**<br>**02.10.2023** |
| Суперфлуид<br>Нафтален -<br>лигносулфонат<br>кондензат | Во барањето на оваа дозвола<br>Поглавје 4<br>Дополнување на барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-184 од 18.04.2023**<br>**02.10.2023** |
| Хидрозим<br>тетрахидрат | Во барањето на оваа дозвола<br>Поглавје 4<br>Дополнување на барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-184 од 18.04.2023**<br>**02.10.2023** |
| Вода | Во барањето на оваа дозвола<br>Поглавје 4<br>Дополнување на барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-184 од 18.04.2023**<br>**02.10.2023** |
| Готов бетон | Во барањето на оваа дозвола<br>Поглавје 4<br>Дополнување на барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-184 од 18.04.2023**<br>**02.10.2023** |

2.2.2. Операторот ќе обезбеди безбедно чување на суровините и ќе се грижи за интегритетот на складиштето.

2.2.3 На целокупната амбалажа за чување на суровините ќе биде прецизно означена содржината и количината на истите.

2.2.4 Операторот во складиштето ќе има соодветен капацитет на опрема и/или соодветни апсорциски материјали за да го задржат и апсорбираат било кое протекување во инсталацијата. Откако еднаш ќе се употреби апсорцискиот материјал, истиот ќе се складира на соодветно место се до негово отстранување кое ќе се изврши во согласност со Надлежниот орган.

Во Инсталацијата, во техничко технолошкиот процес при обавувањето на дејноста, а со оглед на карактерот на истиот, во суштина, како суровини и помошни материјали се употребуваат од градежниот сегмент. Во “КАЛИНА” ДООЕЛ, при посебните инсталации и технолошките процеси на производство во функција на производството на готова бетонска маса, односно административно техничките работи, се користат повеќе видови на: влезни суровини, помошни материјали, други помошни материјали, енергии и горива, а се добиваат, меѓупроизводи.

Заради обезбедување на функциите, во Инсталацијата, се практикува стандардизирана постапка, во која се врши набавка на производи, суровини и материјали, нивно ускладиштување, како и подготовка, за заинтересирани клиенти, и административни дејности, неопходни за дејноста и активноста.

Ускладиштувањето на песок разни фракции, се врши во наменско депо на локацијата од Стационарната бетонската база, поделено за три разни фракции.

Ускладиштувањето на разните додатоци-адитиви, се врши во магацински простор на ниво на Комплексот градби сопственост на Операторот.

Ускладиштувањето на резервни делови и технички материјали, се врши во магацински простор во Механичарската работилница.

## 2.3 Ракување и складирање на отпадот

2.3.1. Операторот, согласно условите од Дозволата, ќе ракува и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табелите 2.3.1 и 2.3.2.

**„КАЛИНА“ ДООЕЛ Оризари**
Подружница 1 Оризари - Кочани

| **Табела 2.3.1 : Ракување и складирање на отпадот** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Цврст комунален отпад се создава од хартиена и пластична амбалажа, остатоци од храна, се складира во контејнер и се предава на овластен оператор | Во барањето на оваа дозвола Поглавје 4<br>Дополнување на барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-184 од 18.04.2023**<br>**02.10.2023** |
| Отпадни моторни масла, Во буриња на собирно место за опасен отпад и се предава на овластен | Во барањето на оваа дозвола Поглавје 4<br>Дополнување на барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-184 од 18.04.2023**<br>**02.10.2023** |
| Искористени гуми од возила, се предава на овластен оператор | Во барањето на оваа дозвола Поглавје 4<br>Дополнување на барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-184 од 18.04.2023**<br>**02.10.2023** |
| Отпадни акумулатори на собирно место за опасен отпад, се предава на овластен оператор | Во барањето на оваа дозвола Поглавје 4<br>Дополнување на барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-184 од 18.04.2023**<br>**02.10.2023** |
| Искористени возила на собирно место за опасен отпад, се предава на овластен оператор# | Во барањето на оваа дозвола Поглавје 4<br>Дополнување на барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-184 од 18.04.2023**<br>**02.10.2023** |

| **Табела 2.3.2 : Отпад складиран на самата локација** | | | |
|---|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | | **Дата кога е примено** |
| Отпаден песок и глини | Привремено се одлага. Го подигнува овластен оператор | Во посебен дел на локацијата | Во непосредна близина на таложникот |
| Отпадна фекална и санитарна вода | Чистење од страна на овластен оператор | Септичка јама | |
| Мил-талог од технолошката отпадна вода | Привремено се одлага. Го подигнува овластен оператор | таложник | Таложник |



**Општина Кочани**
ул. „Раде Кратовче“ бр.1
2300 Кочани

2.3.3 Отпадот ќе се складира на место посебно определено за тоа, соодветно заштитено против прелевање и истекување на течностите. Отпадот јасно ќе се означи и соодветно ќе се оддели.

2.3.4 На внатрешната патна мрежа и работниот простор нема да има отпадоци. Во рамките на работните процедури, Операторот ќе вклучи чистење на локацијата и елиминација на изворите на отпадоци.

2.3.5 Операторот редовно ќе ги обновува договорите со овластените компании за превземање на сите видови отпад.

2.3.6 Операторот ќе го извести Надлежниот орган за било каква промена во однос на количините, видовите на отпад и било каква промена во Договорите за превземање на отпад.

2.3.7 Операторот ќе ангажира управител за отпад кој ќе изработува Програма за управување со отпадот односно Извештај за реализација на програмата согласно обврските од новиот Закон за управување со отпад(сл.весник на РСМ бр.216/21)

## 2.4 Преработка и одлагање на отпад

2.4.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе го преработува и одлага отпадот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.4.1.

| **Табела 2.4.1<br>Искористување и отстранување на отпадот** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Цврст и течен отпад | Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола бр.22-184<br>Дополнување на барање за Б-интегрирана еколошка дозвола бр.22-184 | 18.04.2023 година<br>02.10.2023 година |

2.4.2 Во границите на инсталацијата смее да се одлага исклучиво инертен отпад.

2.4.3 Се забранува истурање, фрлање горење или согорување на било каков отпад, вклучително и на опасниот отпад.

2.4.4 Отпадот кој се испраќа за рециклирање или отстранување надвор од локацијата ќе се транспортира само од страна на овластено лице. Транспортот на отпадот ќе се врши само од локацијата на активноста до локацијата на рециклирање/отстранување, на начин кој нема негативно да влијае врз животната средина и е во согласност со националното законодавство.

2.4.5 За отпадот кој е наменет за транспорт, Операторот ќе издава идентификационен формулар и кон него ќе приложи извештај за карактеристиките на отпадот.

2.4.6 Примерок од идентификациониот формулар ќе биде доставен до органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина и до Надлежниот орган.

2.4.7 Се забранува мешање на опасниот отпад со друг вид на опасен отпад, како и мешање со друг вид неопасен отпад. Складирањето ќе се врши на определено место се до негово отстранување, кое ќе се изврши со предходно одобрение/договор со Надлежниот орган.

2.4.8 Операторот е должен да води евиденција за опасниот отпад во согласност со одредбите од Глава VI. Правила за управување со опасен отпад од Законот за управување со отпадот (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.216/21).

2.4.9 За активностите кои се поврзани со операции за управување со отпад на локацијата ќе се води целокупна евиденција, која ќе биде достапна за инспекција од страна на овластени лица на Надлежниот орган во секое време. Оваа евиденција треба да содржи минимум од следниве детали:

- Имиња/називи на собирачите на отпад
- Името/називот на лицата кои се одговорни за крајното одлагање/рециклирање на отпадот
- Крајна дестинација на отпадотПисмена потврда од приемот и одлагањето/ рециклирањето на отпадот за било какви опасни материи кои се пратени надвор од локацијата
- Тонажи и МК код за отпадните материи

**2.5 Спречување и контрола на хаварии**

2.5.1 Операторот, согласно условите во Дозволата ќе ги спречи и ограничи последиците од хаварии, онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.5.1

| **Табела 2.5.1 Спречување и контрола на несакани дејствија** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Поглавје XIII Спречување на хаварии и реагирање во итни случаи | Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола бр. 22-184 | 02.10.2023 година |

2.5.2 Во случај на несреќа Операторот веднаш треба да:

- Го изолира изворот на било какви емисии
- Спроведе непосредна истрага за да се идентификува природата, изворот и причината на било која емисија која произлегува од тоа
- Го процени загадувањето на животната средина, ако го има предизвикано со инцидентот
- Идентификува и спроведе мерки за минимизирање на емисиите
- Го забележи датумот на несреќата
- Го извести Надлежниот орган и другите релеватни власти

2.5.3 Операторот е должен за настанатата хварија веднаш да го извести Надлежниот орган и органот на државната управа надлежна за работите од областа на животната средина и да

му ги достави податоците кои се однесуваат на:

- Околностите во кои се случила хаваријата
- Присутните опасни супстанции за време и после хаваријата
- Податоците потребни за проценување на последиците по здравјето на луѓето и по животната средина, до кои дошло како резултат на хаваријата
- Преземените вонредни мерки

2.5.4 Операторот е должен за предвидените активности и мерки за безбедност, како и за начинот на постапување во случај на хаварија, да ги информира лицата на кои би влијаела хаваријата предизвикана од системот.

2.5.5 Операторот ќе ги анализира и проверува на секои 3 (три) години предвидените активности и мерки за безбедност, како и начинот на постапување во случај на хаварија и ќе ги обновува доколку настанале промени во инсталацијата, системот, процесот на производство или на видот или количината на опасни супстанции што би имале значително влијание врз можноста за хаварија во рок од 6 (шест) месеци пред да ја направи промената.

2.5.6 Операторот ќе ги направи достапни до јавноста информациите за предвидените активности и мерки за безбедност, како и за начинот на постапување во случај на хаварија.

2.5.7 Операторот е должен за настаната хаварија, веднаш, да ја извести Општина Кочани, Министерство за животна средина и просторно планирање, согласно член 151 од Законот за животната средина (“Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.89/22 и 171/22).

**„КАЛИНА“ ДООЕЛ Оризари**
Подружница 1 Оризари - Кочани

**2.6 Мониторинг**

2.6.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе изведува мониторинг ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.6.1.

| **Табела 2.6.1<br>Мониторинг** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Поглавје XI<br>Точки на мониторинг на емисии и земање примероци | Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола бр.22-184 | 02.10.2023 година |

2.6.2 Операторот ќе обезбеди:

а безбеден и постојан пристап до мерните места, за да се овозможи земањето примероци/мониторингот да биде изведено во релација со точките на емисија наведени во Додаток 2, освен ако не е поинаку наведено во Додатокот и

б безбеден пристап до други точки на земање примероци/мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежниот орган.

2.6.3 Земањето примероци и анализите ќе се изведува според пропишаните стандарди за анализираните примероци.

2.6.4 Се задолжува Операторот редовно да доставува извештај од извршените мерења од мониторингот што ќе го врши овластена лабораторија акредитирана за мерења на сите параметри наведени во Дозволата. Извештаите по службен пат редовно да се доставуваат до Секторот за заштита на животната средина при Град Скопје и до Сектор Инспекторат при Град Скопје.

2.6.5 Фреквенцијата, методите и обемот на мониторинг, начинот на земање на примероци и анализа ќе се извршуваат како што е наведено во оваа Дозвола или може да се изменат во согласност со Надлежниот орган кој ќе ја следи проценката на доставените резултати.

Во бетонската база „Оризари“ има четири точки на мониторинг на мерното место за бучава: ММ1-ЖС – Координати: Y-7.620.305, X-4.640.918; ММ2- ЖС – Координати: Y-7.620.237, X-4.640.916; ММ3-ЖС – Координати: Y- 7.620.241, X-4.641.007; ММ4-ЖС – Координати: Y-7.620.300, X-4.641.002. и четири точки на мониторинг на мерното место за респирабилна прашина: ММ1-АК – Координати: Y-7.620.305, X-4.640.918; ММ2-АК – Координати: Y- 7.620.237, X-4.640.916; ММ3-АК – Координати: Y-7.620.241, X-4.641.007; ММ4-АК – Координати: Y-7.620.300, X-4.641.002.

## 2.7 Престанок со работа

2.7.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во Табела 2.7.1 или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

| **Табела 2.7.1<br>Престанок со работа** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Поглавје XIV<br>Ремедијација, престанок со работа, повторно започнување со работа и грижа по престанок на активностите | Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола бр.22-184 | 02.10.2023 година |

2.7.2 Согласно Правилникот за постапката за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола (“Службен весник на Република Македонија“ бр.112/14 и 42/16), Операторот ќе го извести Надлежниот орган за намерата за престанок на активноста, при што ќе достави детален план за престанок на активноста со временски распоред за извршување на условите утврдени со оваа Дозвола и финансиски импликации.

2.7.3 Планот треба да содржи:

- Изјава за обемот на планот
- Критериумите кои дефинираат успешен престанок со работа на активностите или на дел од нив, кој ќе обезбеди мнинимум влијание врз животната средина
- Програма за постигнување на наведените критиериуми
- Финансиски детали за планот и како тие ќе бидат обезбедени

2.7.4 Операторот ќе обезбеди јасна и детална проценка на ризикот од еколошка одговорност што ќе ги опфати одговорностите/обврските од минатите и сегашните активности. Оваа проценка ќе ги вклучи одговорностите/обврските и трошоците за исполнување на планот за управување со ризикот по затварање на инсталацијата.

2.7.6 Обврската за враќање на животната средина во задоволителна состојба по престанок на работата на инсталацијата од страна на Операторот ќе се изврши во согласност со членот 120 од Законот за животната средина.

## 2.8 Инсталации со повеќе оператори

2.8.1 Со инсталацијата за која се издава Дозволата управува само 1 (еден) Оператор.

2.8.2 Дозволата е валидна само за оние делови од инсталацијата што се означени на мапата во Делот 1.1.4. од оваа Дозвола.

# 3. Документација

3.1.1 Документацијата ќе содржи податоци за:

- секоја неисправност, дефект или престанок на работата на постројката, опремата или техниките (вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка) што може да има, имало или ќе има влијание на перформансите за животна средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава Дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневникот воден за таа цел
- целиот спроведен мониторинг и земањето примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци

3.1.2 Документацијата од 3.1.1 ќе биде достапна за инспекција од страна на Надлежниот орган во било кое пристојно време.

3.1.3 Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надомест.

3.1.4 Специфицираните и другите документи треба:

- да бидат читливи
- да бидат направени што е можно побрзо
- да ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да се приложат

3.1.5 Операторот е должен специфицираната и другата документација да ја чува за време на рокот на важност на Дозволата вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата.

3.1.6 Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надомест.

3.1.7 За целиот примен или создаден отпад во инсталацијата за која што се издава Дозволата, операторот ќе има документација (и ќе ја чува најмалку пет години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата) за:

- Најдобра проценка на количината создаден отпад
- Трасата на транспорт на отпадот за одлагање
- Најдобра проценка на количината отпад испратен на преработка

Количината на отпадот (изразена во тони) испратен надвор од локацијата за одложување/рециклирање

- според Листата на видови отпади (“Службен весник на Република Македонија“ бр.100/05)
- Имиња на лице/фирма задолжено за транспорт на отпад, како и детали околу добиената дозвола за собирање
- Детали за крајната дестинација на одложување/рециклирање на отпад и нејзино соодветност да го прифати упатениот отпад
- Писмена потврда за прифаќање и одлагање/преработка на опасен отпад кој е испратен надвор од локацијата
- Количините и означување на типовите на отпад кои се рециклираат или одложуваат на локацијата, според Листата на видови отпади (“Службен весник на Република Македонија“ бр.100/05)
- Состав на отпадот или онаму каде што е можно, опис

3.1.8 Операторот на инсталацијата за која што се издава Дозволата ќе направи записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзиниот влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата, како и краткото резиме доколку имало било каква истрага по таа основа и резултати од истата. Таквите записи ќе ги чува во дневник за таа цел и за истите ќе го извести Надлежниот орган во најкраток можен рок.

3.1.9 Операторот е должен да ги чува следниве документи и при увид на Овластените инспектори за животна средина истите ќе им ги достави на увид:

- Дозволи поврзани со инсталацијата
- Записи од сите прибирања на примероци за анализи, мерења, испитувања, калибрирања и одржување кое е извршено во согласност со барањата на оваа дозвола и целиот мониторинг кој се поврзува со перформансите во однос на животната околина на инсталацијата
- Целата кореспонденција со Надлежниот орган

3.1.10 Операторот ќе води записи за секој инцидент. Овој запис треба да вклучува детали за природата, обемот и влијанието на инцидентот, како и причините што довеле до него. Евиденцијата треба да ги вклучува и превземените корективни мерки за да се управува со инцидентот, да се минимизира генерираниот отпад и ефектот врз животната средина и да се избегне негово повторно случување. Операторот треба во најкраток можен рок

да го извести Надлежниот орган за инцидентот и да му поднесе евиденција за истиот.

3.1.11 Во случај на користење на опасни супстанции во инсталацијата (член 5 од Правилникот за опасни супстанции, гранични вредности-прагови за присуство на опасните супстанции и критериумите или својствата според кои супстанцијата се класифицира како опасна -”Службен весник на Република Македонија” бр.25/10), Операторот е должен да изготви План за вонредни состојби, согласно член 154 од Законот за животната средина (”Службен весник на Република Македонија” бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15,39/16 и 99/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.89/22 и 171/22).

## 4. Редовни извештаи

4.1.1 Сите извештаи и известувања што ги бара оваа Дозвола, Операторот ќе ги испраќа до Надлежниот орган.

4.1.2 Операторот ќе даде извештај за параметрите од Табела Д2 во Додаток 2:

а во однос на наведените емисиони точки

б за периодите за кои се однесуваат извештаите наведени во Табела Д2 од Додаток 2 како што е утврдено во оваа Дозвола

в давањето на податоци за вакви резултати и проценки како што може да биде барано од страна на формуларите наведени во тие Табели

г испраќање на извештај до Надлежниот орган ќе се изврши во рок од 14 дена од денот на извршените мерења од акредитирана лабораторија.

д Операторот на инсталацијата до надлежниот орган ќе доставува Програма за управување со отпад која се изготвува за период од три години како и редовни Годишни извештаи за реализација на програмата за секоја измината година.Извештаите ќе бидат изготвени од управител за отпад,кој поседува соодветна лиценца за управител со отпад.

ѓ сите извештаи ќе бидат потпишани од страна на назначено овластено лице.

## 5. Известувања

5.1.1 Операторот ќе го извести Надлежниот орган без одложување:

а когa ќе забележи емисија на некоја супстанција која го надминува лимитот или критериумот на оваа Дозвола, наведен во врска со таа супстанција

б кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување

в кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работата на постројката или техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување и

г било какво несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

5.1.2 Операторот ќе даде писмено известување што е можно побрзо, за секое од следниве:

а перманентен престанок на работата на било кој дел или целата инсталација за кој/која се издава Дозволата

б престанок на работата на некој дел или целата инсталација за која се издава Дозволата, со можност да биде подолг од 1 година

в повторно стартување на работата на некој дел или целата инсталација за која што се издава Дозволата, по престанокот по известување според 5.1.3 (б)

5.1.3 Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи

а било каква промена на трговското име на Операторот, регистарско име или адресата на регистарската канцеларија

б промена на податоците за холдинг компанија на Операторот

**„КАЛИНА“ ДООЕЛ Оризари**
Подружница 1 Оризари - Кочани

(вклучувајќи и податоци за холдинг компанијата кога операторот станува дел од неа)

в за активности кога Операторот оди во стечај склучува доброволен договор или е оштетен

# 6. Емисии

## 6.1 Емисии во воздух

6.1.1 Емисиите во воздух од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.1 и 6.1.2 ќе треба да произлегуваат само од извор(и) специфицирани во Табелата.

| Табела 6.1.1<br>Емисии во атмосферата | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Поглавје VI | Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола бр.22-184 | 02.10.2023 година |

| Табела 6.1.2<br>Емисиони точки во воздухот | |
|---|---|
| ММ-1;<br>Југ- Бетонска база, граница со соседни површини | 7.620.305<br>4.640.918 |
| ММ-2;<br>Запад-Бетонска база, граница со соседни површини | 7.620.237<br>4.640.916 |
| ММ-3;<br>Север - Бетонска база, граница со соседни површини | 7.620.241<br>4.641.007 |
| ММ-4;<br>Исток,- Бетонска база, граница со соседни површини | 7.620.300<br>4.641.002 |

6.1.3 Границите на емисиите во воздух за параметарот(рите) и точката(ите) на емисија наведени во Табелата 6.1.5 нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.



**Општина Кочани**
ул. „Раде Кратовче“ бр.1
2300 Кочани

**„КАЛИНА“ ДООЕЛ Оризари**
Подружница 1 Оризари - Кочани

6.1.4 Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во Табелата 6.1.5 на точките на емисија и најмалку со фреквенции наведени во таа Табела.

| **Табела 6.1.5 Граници на емисиите во атмосферата** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Мерно место** | | **Извор** | **Измерени вредности ( mg/m³ )** | **ГВЕ ( mg/m³ )** |
| ММ-1; Југ- Бетонска база, граница со соседни површини | N 7.620.305 E 4.640.918 | Фугитивна прашина $ПМ_{10}$ | 13 | 50 |
| ММ-2; Запад-Бетонска база, граница со соседни површини | N 7.620.237 E 4.640.916 | | | |
| ММ-3; Север - Бетонска база, граница со соседни површини | N 7.620.241 E 4.641.007 | | | |
| ММ-4; Исток,- Бетонска база, граница со соседни површини | N 7.620.300 E 4.641.002 | | | |

6.1.6 Операторот ќе врши редовно прскање со вода на складираната суровини ( песок и дробен камен ) особено на агрегатот со фракција од 0 до 4 мм

6.1.7 Емисиите кои потекнуваат од инсталацијата не треба да содржат нападен мирис надвор од границите на инсталацијата.

6.1.8 Емисиите од испустите ќе бидат во согласност со Правилникот за граничните вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационерните извори на воздух (”Службен весник на Република Македонија” бр.141/10 и 223/19).



**Општина Кочани**
ул. „Раде Кратовче“ бр.1
2300 Кочани

## 6.2 Емисии во почва

6.2.1 Нема емисии во почва согласно Прилог VIII од Барањето за добивање Б-интегрирана еколошка дозвола бр.22-408 од 19.09.2022 година.

6.2.2 Операторот ќе го извести Надлежниот орган за секоја непредвидена емисија во почвата.

| **Табела 6.2.3<br>Точки на емисија/мерни места во почва** | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија/мерно место** | **Извор** | **Фреквенција на мониторинг** |
| | Нема емисии во почва | |
| | | |
| | | |

## 6.3 Емисии во вода ( различни од емисиите во канализација )

6.3.1 Нема емисии во површинските води кои потекнуваат од технолошкиот процес согласно Прилог VII од Барањето за добивање Б-интегрирана еколошка дозвола бр.22-408 од 19.09.2022 година.

| **Табела 6.3.2<br>Точки на емисија/мерни места во вода ( различни од емисиите во канализација )** | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија/мерно место** | **Извор** | **Фреквенција на мониторинг** |
| | Нема емисии во вода | |
| | | |
| | | |

6.3.3 Не смее да има емисии од страна на инсталацијата за која се издава Дозволата, на било која супстанција пропишана за вода за која нема дадено граници во Табела 6.3.2, освен за концентрации кои не се поголеми од оние кои веќе ги има во водата.

6.3.4 Операторот ќе го извести Надлежниот орган за секоја непредвидена емисија во површинските води.

**„КАЛИНА“ ДООЕЛ Оризари**
Подружница 1 Оризари - Кочани

## 6.4 Емисии во канализација

6.4.1 Инсталацијата не создава емисии во канализација согласно Прилог VII од Барањето за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола бр.22-184 од 02.10.2023 година за фекалните и санитарните води
За одржување на просториите во објектот, хигиенските потреби на работниците и одржувањето на санитарните јазлив водите се влеваат преку систем на цевки во шахта (септичка јама).
Операторот е должен да ја чисти септичката јама.




Шахта (Септичка јама))

6.4.2 Операторот ќе го извести Надлежниот орган за секоја промена.



**Општина Кочани**
ул. „Раде Кратовче“ бр.1
2300 Кочани

## 6.5 Емисии на топлина

6.5.1 Нема термално испуштање кое ќе влијае врз животната средина.

## 6.6 Емисии на бучава и вибрации

6.6.1 Емисиите на бучава од локацијата на инсталацијата треба да бидат во согласност со стандардите пропишани со националното законодавство - Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава (”Службен весник на Република Македонија” бр.1/09), Правилникот за локациите на мерните станици и мерните места (“Службен весник на Република Македонија“ бр.12/08) и Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина (“Службен весник на Република Македонија“ бр.147/08), Табела 6.6.2

| **Табела 6.6.2**<br>**Емисии на Бучава dB ( A )** | | | |
|---|---|---|---|
| | **Преку ден** | **Преку ноќ** | **Се однесува на** |
| Подрачје од IV степен | 70 | 60 | Постоечката локација на инсталацијата на Операторот |

| **Табела 6.6.6**<br>**Емисии на Бучава (dBA)** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Референтни точки** | **Национален координатен систем** | **Нивоа на звучен притисок ( dB )** | | |
| | ( N, E ) | Ld (dBA) | Неактивна (dBA) | ГВЕ (dBA) Ден/ноќ |
| Граници на локацијата | | 41-52,2 | | 70/60 |
| ММ-1;<br>Југ- Бетонска база, граница со соседни површини | N 7.620.305<br>E 4.640.918 | | | |
| ММ-2;<br>Запад-Бетонска база, граница со соседни површини | N 7.620.237<br>E 4.640.916 | | | |
| ММ-3;<br>Север - Бетонска база, граница со соседни површини | N 7.620.241<br>E 4.641.007 | | | |
| ММ-4;<br>Исток,- Бетонска база, граница со соседни површини | N 7.620.300<br>E 4.641.002 | | | |

6.6.3 Операторот ќе врши преглед на нивоата на бучавата на локацијата еднаш годишно на мерните места определени во Табела 6.6.6.

6.6.4 Нивото на емисиите на бучавата нема да ја надмине границата од 70 dB (преку ден) и 60 dB (преку ноќ) надвор од локацијата на инсталацијата, согласно пропишаната граница на дозволена бучава во Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина (”Службен весник на Република Македонија” бр.147/08) и Одлуката за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава (“Службен весник на Република Македонија“ бр.1/09).

6.6.5 Оценка на амбиенталната бучава-измерено ниво на бучава Табела 6.6.6

## 6.7 Емисии од вибрации

6.7.1 Вибрациите настануваат како последица на осцилациите, предизвикани од машините, апаратите и уредите при процесот на работа, со кои што работникот директно или индиректно ракува или ги опслужува, поради што можат да настанат повреди на нервниот систем.
Во конкретниот случај, вибрации можат да се појавуват при работа на машините, апаратите и уредите, како и од работата на возилата, но истите според интензитетот, се занемарливи.
Во секој случај и влијанието од вибрации, не треба да се занемарува и за истото треба да се понуди соодветно решение.
Вибрациите на земјиштето што се јавуваат како последица од осцилациите на механичките системи и орудијата за работа, према сознанијата не се со многу голем интензитет и имаат картактер на вибрации со мал опсег чиј интензитет не може точно да се предвиди од каде произлегуваат.
Имајќи го предвид Стандардот ISO 2372, а оценувајќи дека според снагата на моторите што се употребуваат во Објектот (0->45 кw), амплитудата на вибрации, односно брзината на вибрациите Врмс(мм/сек), треба да изнесува до 1,80 мм/сек, и се однесува само на брзината на вибрациите.

# 7. Пренос до пречистителна станица за отпадни води

# 8. Програма за подобрување

8.1.1 Операторот ќе ги спроведе договорените мерки наведени во Табела 8.1.1, заклучно со датумот наведен во таа Табела и ќе испрати писмено известување до Надлежниот орган за датумот кога било комплетирана секоја мерка, во рок од 14 дена од завршувањето на секоја од тие мерки.#

| **Табела 8.1.1<br>Програма за подобрување** | | |
|---|---|---|
| **Ознака** | **Мерка** | **Датум на завршување** |
| 8.1 | - Мерење на респирабилна прашина | континуирано |
| 8.2 | - Мерење на бучава | континуирано |
| | Границите на локацијата да се озеленат(засадат со високо растечки зимзелени дрвја) | континуирано |

8.1.2 Операторот ќе ја спроведува Програмата за подобрување која е составен дел на барањето онака како што е писмено договорено со Надлежниот орган.

## 9.Договор за промени во пишана форма

9.1.1 Кога својството или како што е друго договорено написмено се користи со услов од Дозволата, Операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

а Операторот ќе му даде на Надлежниот орган писмено известување за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа Дозвола и

б Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена (вклучувајќи создавање отпад) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава Дозволата.

9.1.2 Секоја промена предложена според условот 9.1.1 и договорена писмено со Надлежниот орган, може да се имплементира само откако Операторот му даде на Надлежниот орган претходно писмено известување за датата на имплементација на промената. Почнувајќи од тој датум, Операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува за тоа, Дозволата ќе мора да се дополнува.

9.1.3 Сите позначајни промени во инсталацијата или работите поврзани со неа, а кои се од типот на:

- Материјална промена или зголемување на
  - Природата или количината на било која емисија
  - Системите за намалување/третман или преработка
  - Опсег на процесите што се изведуваат
  - Горивата, суровините, меѓупродуктите, продуктите или создадениот отпад или
- Било каква промена на:
  - Инфраструктурата
  - Управувањето со локацијата или контрола на несакано еколошко влијание врз животната средина

Ќе се изведуваат или ќе започнат со предходно известување за тоа и во договор со Надлежниот орган.



**Општина Кочани**
ул. „Раде Кратовче“ бр.1
2300 Кочани

**„КАЛИНА“ ДООЕЛ Оризари**
Подружница 1 Оризари - Кочани

# 10.Додаток 1

## 10.1 Писмена потврда за условот 5.1.1 ( известувања ), согласно условот 5.1.2

Овој Додаток ги прикажува информациите што Операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2 од оваа Дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисијата.

Ако некоја информација се смета за доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена на оддетален лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласно со Законот за животната средина.

Потврдата треба да содржи

**Дел А**

☐ Име на Операторот.
☐ Број на Дозвола.
☐ Локација на инсталацијата.
☐ Датум на доставување на податоци.
☐ Време, датум и локација на емисијата.
☐ Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува:
☐ Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисија и времето кога се случила емисијата.
☐ Медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата.
☐ Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

**Дел Б**

☐ Други попрецизни податоци за предметот известен во Делот А
☐ Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување на истиот проблем.
☐ Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на загадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултат на емисијата.
☐ Датуми на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци.

☐ Име ☐ Пошта................................
☐ Потпис ☐ Датум
☐ Изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на Операторот.

**„КАЛИНА“ ДООЕЛ Оризари**
Подружница 1 Оризари - Кочани

11.Додаток 2

11.1 Извештаи за податоците од мониторингот
Параметрите за кои извештаите ќе бидат направени, согласно условите 4.1.2 од оваа Дозвола, се наведени подолу

| **Табела Д2<br>Извештаи за податоците од мониторингот** | | | |
|---|---|---|---|
| **Параметар** | **Точка на емисија** | **Период за давање извештаи** | **Почеток на периодот** |
| Мониторинг на емисии во атмосфера ($PM_{10}$) | N 7.620.305<br>E 4.640.918<br><br>N 7.620.237<br>E 4.640.916<br><br>N 7.620.241<br>E 4.641.007<br><br>N 7.620.300<br>E 4.641.002 | Месец септември - еднаш годишно | По издавање на дозволата |
| Мониторинг на бучава | N 7.620.305<br>E 4.640.918<br><br>N 7.620.237<br>E 4.640.916<br><br>N 7.620.241<br>E 4.641.007<br><br>N 7.620.300<br>E 4.641.002 | Месец септември - еднаш годишно | По издавање на Дозволата |
| Евиденција на инциденти | На место на инцидентот | Во рок од 24 часа од настанот на инцидентот | Во рок од 24 часа од настанот на инцидентот |